БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ
НА МАКЕДОНИЈА
бр 01-22/2
16.06. 2016 год.
СКОПЈЕ

БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје

Статут

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија и донесениот Закон за здруженија и фондации (Сл.весник на РМ бр.52 од 16.04.2010) Собранието на БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје, на седницата одржана на 07.06.2013, донесе

# СТАТУТ
## на
## БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје (БЗМ)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се утврдуваат називот и седиштето на здружението БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје (во понатамошниот текст Здружение), целите и задачите на Здружението, како и дејностите за нивно остварување, условите и начинот на зачленување и престанување на членството, правата, обврските и одговорностите на членовите, неговите органи, начинот на стекнување и располагање со средствата, начин на донесување на финансиски и други извештаи, како и начинот на остварување јавност и отчетност во работата, формите на дејствување и начинот на донесување и измените и дополнувањата на Статутот, начинот на донесување планови и програми.

Член 2

БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје е доброволно здружение на: библиотечни работници и други индивидуални и колективни членови (правни лица).

Членовите на БЗМ можат да се организираат во секции, регионални ограноци и други форми на дејствување, во зависност од нивните потреби и интереси во согласност со Статутот.

### II. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 3

Називот на здружението е: БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје. Скратен назив на здружението е БЗМ.

Член 4

Седиштето на Здружението е во Скопје, со адреса:
Бул. "Гоце Делчев" бр.6, (во објектот на НУБ)"Св.Климент Охридски" - Скопје).



Scanned with MOBILE SCANNER

Член 5

Здружението има својство на граѓанско правно лице и е регистрирано кај надлежниот основен суд на чија територија се наоѓа неговото седиште

Член 6

Меѓународниот ден на книгата е 23 Април, е воедно и Ден на библиотечните работници на Република Македонија.

Член 7

Здружението доделува награда "Климентова повелба" за особени резултати постигнати во развојот на библиотекарството во Македонија.

Наградата се доделува согласно со Правилникот за доделување на наградата "Климентова повелба", усвоен на 4 и 5.6.1998 година.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 8

Цели и задачи на Здружението:

- унапредување на библиотекарството и координирање на развојот на библиотечната дејност;
- стручно усовршување на библиотекарскиот кадар преку примена на соодветни форми на дообразование;
- обединување и застапување на професионалните интереси на членовите и нивно претставување пред државните органи и пошироката јавност;
- покренување иницијативи за нормативно регулирање на одделни прашања преку закони, други прописи и колективни договори;
- издавање стручни публикации;
- соработка со меѓународни и други библиотекарски асоцијации со цел за унапредување на дејноста и нејзино афирмирање во светот.

Член 9

Целите и задачите од член 8 на овој Статут, Здружението ги остварува преку дејноста на: регионални огранoци и секции; седници на Собранието и другите органи и тела; издавачка дејност; стручни собири и други форми на меѓународна соработка; промоции и изложби на книги и сл.

## III. ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 10

Здружението го сочинуваат индивидуални и колективни членови.

Индивидуални членови на Здружението може да бидат библиотечни работници и други заинтересирани граѓани на Република Македонија.



Scanned with MOBILE SCANNER

Зачленувањето е со потпишување на пристапна изјава со која членот се обврзува дека го прифаќа и ќе ги почитува Статутот и Етичкиот кодекс на Здружението.

Колективни членови на Здружението се библиотеки и други сродни институции, коишто потпишале пристапна изјава.

За членовите на Здружението се води регистар на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

Член 11

Здружението може да има и почесни членови (индивидуални и колективни) од Република Македонија и странство.

Почесните членови ги избира Собранието на Здружението, на предлог на Извршниот одбор, а врз основа на востановените посебни заслуги за развојот на библиотекарството, библиотеките или Здружението, согласно со усвоените "Критериуми за доделување на звање почесен член на БДМ" (4-5 јуни 1998).

Член 12

Членството во Здружението може да престане:

- на лично барање, поднесено до Собранието;
- поради неплаќање на утврдената членарина повеќе од една година, а со одлука на Собранието;
- поради дејствување спротивно на целите и задачите на Здружението, а со одлука на Собранието.

Член 13

Членовите на Здружението имаат право и должност:

- да бидат избирани и да учествуваат во работата на органите, постојаните и повремените комисии и тела на Здружението;
- да дејствуваат согласно со Статутот и Етичкиот кодекс на Здружението;
- да покренуваат иницијативи и да преземаат активности согласно со Програмата за работа на Здружението;
- редовно да ја плаќаат утврдената членарина;
- навреме да ги извршуваат сите одлуки и заклучоци на органите и телата на Здружението;
- бесплатно да го добиваат гласилото на Здружението;
- да бараат посредување заради заштита во случај на попречување на стручната дејност.

## IV. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 14

Органи на Здружение се: Собрание, Извршен одбор, претседател и Надзорен одбор.



Scanned with MOBILE SCANNER

## Член 15

## Собрание

Највисок орган на Здружението е Собранието.

Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.

Секој член, присутен на Собранието, има само по еден глас.

Собранието на Здружението се свикува најмалку еднаш годишно (редовно) и по потреба (вонредно).

Редовното и вонредното Собрание ги свикува и со нив раководи претседателот на Здружението или во негово отсуство секретарот, врз основа на одлука на Извршниот одбор и по барање на најмалку една петтина од членството.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена, од денот на дадениот предлог не свика седница, нea ја свикува ИО или иницијаторите. Седницата на Собранието за работата на ИО може да се свика и на предлог на Надзорниот одбор.

Собранието се одржува доколку се присутни повеќе од половината од членовите на БЗМ.

Собранието, по правило, одлуките ги донесува со мнозинство на гласовите од присутните.

Собранието:

- го донесува, менува и дополнува Статутот;
- усвојува Програма за работа, Финансиски план, Завршна сметка и Извештај за работа на Здружението;
- расправа и утврдува насоки за работа на Здружението во согласност со неговите цели и задачи;
- одлучува за промена на целта на здружувањето;
- одлучува за основање и укинување на секции, регионални огранoци и други форми на организирана активност во рамки на Здружението;
- одлучува за висината на членарината во тековната година;
- одлучува за здружување или за разделување од друго здружение;
- склучува договори за соработка со други сродни институции од земјата и странство и донесува одлуки за зачленување на Здружението во меѓународни асоцијации;
- констатира прием на нови членови и врши избор на почесни членови на Здружението врз основа на препораките на ИО и одлучува за престанок на членувањето;
- избира органи на Здружението: Извршен и Надзорен одбор и ги разгледува извештаите и заклучоците за нивната работа;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- донесува одлука за востановување на наградата "Климентова повелба";
- одлучува и за други прашања што не се во надлежност на другите тела на Здружението;
- врши избор на членови на Комисијата за наградата "Климентова повелба".
- врши други работи во согласност со Статутот и општите акти на Здружението.



Scanned with MOBILE SCANNER

На Собранието се одлучува со јавно гласање

Член 16

**Извршен одбор**

Извршниот одбор го сочинуваат 7 членови од чии редови се избираат претседател и секретар. Мнозинството од членовите на ИО се државјани на Република Македонија.
Претседателот на Извршниот одбор е и претседател на Здружението.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 2 години со можност на уште два мандати.

Претседателот го свикува Извршниот одбор по негова или по иницијатива на некој од членовите.

Член 17

Извршниот одбор:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува Предлог - статутот и предлага некои измени и дополнувања;
- предлага нацрт на други одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- изготвува Програма и Извештај за работа на Здружението и ги поднесува на усвојување на Собранието;
- презема активности за реализација на Програмата за работа на Здружението и одлуките на Собранието;
- ја организира работата на Собранието;
- коопира максимум 2 (два) нови члена во Извршниот одбор во случај на непредвидени околности: оставка, подолготрајно боледување и сл.;
- врши избор на членови на Издавачкиот совет;
- именува и разрешува секретар на Здружението;
- подготвува годишен финансиски план за работа на Здружението што го усвојува Собранието;
- разгледува иницијативи и донесува одлуки за формирање секции, регионални огранoци и други форми на организирана активност во рамките на Здружението и ги разгледува плановите, извештаите и заклучоците за нивната работа;
- формира постојани и повремени работни тела и го определува делокругот на нивната работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- се грижи за финансиско-материјалното работење на Здружението, донесува одлуки за користење на средствата и одредува благајник;
- изготвува предлози до Собранието за избор на почесни членови на Здружението врз основа на предлог во писмена форма од најмалку 5 членови на Здружението.



Scanned with MOBILE SCANNER

подготвува и предлага правилници за доделување на награди (наградата „Климентова повелба“ и др.);

кооптира максимум 2 (два) нови члена на Комисијата за наградата „Климентова повелба“ во случај на непредвидени околности: оставка, подолготрајно боледување и сл.;

донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;

врши и други работи, кои произлегуваат од Статутот на Здружението;

донесува одлуки по приговори и жалби;

донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства.

Член 18

Секциите, регионалните огранoци и другите форми на интересно здружување, се обврзани да поднесат на усвојување до ИО деловник и програма за работа.

Член 19

Секциите, регионалните огранoци и другите форми на интересно здружување во рамките на Здружението, поднесуваат Извештај за својата активност до ИО, најмалку еднаш годишно.

Член 20

Извршниот одбор полноважно одлучува ако присуствуваат на седницата повеќе од половината од членовите, а одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половина од вкупниот број членови на Извршниот одбор.

За својата работа, Извршниот одбор поднесува годишен или периодичен извештај и е одговорен пред Собранието на Здружението.

Член 21

Претседател на Здружението

Претседател на Здружението:

го застапува и претставува Здружението и ги потпишува неговите акти;

ги свикува и раководи со седниците на Собранието и Извршниот одбор;

ги спроведува одлуките и заклучоците на Извршниот одбор и Собранието;

врши функција на главен и одговорен уредник на издавачката дејност на Здружението.

За својата работа претседателот е одговорен пред Извршниот одбор и Собранието.

Во отсуство на претседателот неговите функции ги врши секретарот врз основа на полномошно.

Секретарот на Здружението е одговорен за административното работење на истото.

Претседателот и благајникот се одговорни за финансиското работење на Здружението.



Scanned with MOBILE SCANNER

## Член 22

### Надзорен одбор

Надзорниот одбор се состои од 3 члена кои ги избира Собранието со мандат од 2 години, со можност за продолжување за најмногу уште еден мандат.

Надзорниот одбор ја следи примената на Статутот и Етичкиот кодекс на Здружението, врши надзор на спроведувањето на одлуките на органите на Здружението и за утврдените неправилности го известува Извршниот одбор.

Извештајот на Надзорниот одбор е составен дел на извештајот за работата на Здружението и финансискиот извештај.

## V. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Член 23

Со цел за промовирање на активностите на Здружението, а согласно целите од член 8 на овој Статут, Здружението организира стручна (библиотекарска) издавачка дејност. Здружението издава свое гласило со назив "Библиотекарство".

### Член 24

Издавачката дејност на Здружението ја организира и води Издавачки совет, врз основа на двегодишна програма и план за работа што ги прифаќа Извршниот одбор.

Издавачкиот совет подготвува предлог-трошковник и ценовник на чинење на планираните публикации за издавање што ги усвојува Извршниот одбор.

Истиот ја врши функцијата на Издавачки совет и за гласилото на Здружението.

### Член 25

Издавачкиот совет брои 9 членови кои ги избира Извршниот одбор со мандат од две години, со можност за продолжување на најмногу уште за еден мандатен период.

Од своите редови Издавачкиот совет избира претседател и редакција од три члена.

Претседателот на Издавачкиот совет е одговорен уредник на публикациите на Здружението.

## VI. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### Член 26

Извршниот одбор ги изготвува Програмата и Извештајот за работа на Здружението и ги поднесува на усвојување на Собранието како и презема активности за реализација на Програмата за работа на Здружението.

## VII. КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

### Член 27



Scanned with MOBILE SCANNER

Финансиски средства за остварување на дејноста на Здружението се обезбедуваат од:



- членарина,
- донации,
- буџет,
- издавачка дејност,
- дотации,
- други извори.

Член 28

Средствата на Здружението се користат за реализација на неговите активности согласно со програмата за работење на Здружението, а во рамките на правата, обврските и одговорностите утврдени со Законот за здруженијата и фондации (Сл.весник на РМ бр.52 од 16.04.2010) и овој Статут.

Член 29

За користење на средствата на Здружението одлучува Извршниот одбор.

Претседателот на Здружението е потписник на жиро-сметката на Здружението.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

Член 30

Работата на Здружението и неговите тела е јавна и се потчинува на Законот на РМ (Закон за здруженија и фондации, Сл.весник на РМ, бр.52, од 16.04.2010).

За својата работа и активностите Здружението ја информира јавноста преку своето гласило „Библиотекарство" и преку известувања и соопштенија за печатот, како и останатите средства за јавно информирање.

Известувањата и соопштенијата за средствата за јавно информирање ги дава Претседателот на Здружението или членовите на Извршниот одбор на Здружението.

## IX. ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 31

Здружението престанува со работа ако:

- за тоа одлучи Собранието, со двотретинско мнозинство;
- се намали бројот на членовите под бројот потребен за основање (под 5 членови);
- се утврди дека Здружението престанало да работи.



Scanned with MOBILE SCANNER

ако настанат причини утврдени со член 52 од Законот за здруженија и фондации.

Претседателот на Здружението е должен за околностите од став 1 од овој член да го извести надлежниот суд во рок од 15 дена, по нивното настанување.

### Член 32

Во случај на престанок на работата на Здружението, неговиот имот и архива поминуваат во сопственост на Народната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје.

## X. ЗНАК И СИМБОЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 33

Здружението има свој печат, штембил и амблем.

Печатот е тркалезен со пречник од 26 мм и го содржи текстот: БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје.

Штембилот има форма на правоаголник во размер 7 х 3 см, со текст како на печатот и простор за активниот број и за датумот на неговото употребување.

Амблемот е тркалезен. Во средината има отворена книга, над која стои птицата буф (симболот на мудроста и знаењето), а околу неа е испишан називот: БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје.

## XI. НАЧИН НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ ПРИ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

### Член 34

Во случај во разрешувања на спорни прашања при судир на интереси и други прашања од значење за работата на Здружението е надлежен основниот суд на чија територија се наоѓа неговото седиште.

## XII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ ИДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ

### Член 35

Нацртот на Статутот, неговите измени и дополнувања ги изготвува комисија од три члена што ја избира Собранието.

Предлог-статутот и неговите измени и дополнувања ги предлага Извршниот одбор.

Иницијатива за измени и дополнувања на Статутот може да поднесе секој член на Здружението, а за пристапување кон измените и дополнувањата одлучува Собранието.

Статутот на Здружението и неговите измени и дополнувања ги донесува Собранието доколку за нив се изјасниле две третини од присутните.

Статутот на Здружението може да се промени и по пат на изјаснување, по пошта, по претходно писмено известување на целокупното членство. Изјаснувањето по пошта е валидно доколку во него земе учество барем една петтина од членството, со



Scanned with MOBILE SCANNER

право на глас. Гласањето завршува со прием на поштата и одлуката станува полноважна доколку за неа се изјасниле повеќе од половината гласачи;

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

Статутот влегува во сила со денот на неговото донесување.

Со стапувањето во сила на овој Статут (пречистен текст), престанува да важи Статутот на Библиотекарското друштво на Македонија усвоен на 11.06.2010 год.

БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА - Скопје

БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА • Скопје



Scanned with MOBILE SCANNER